Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 – 131/12
Датум: 30-06-2025

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 131/1 од 22.01.2025 година, поднесена од од Битола, со живеалиште на ул. против Државно музичко училиште – Битола за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи, врз основа на политичко уверување, пол и образование, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКИРМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи врз основа на политичко уверување, пол и образование од страна Државното музичко училиште – Битола кон од Битола.

## О б р а з л о ж е н и е

На 22.01.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на подносителката од Битола против Државното музичко училиште Битола, во областа на работата и работните односи, врз основа на политичко уверување, пол и образование.

Во претставката подносителката наведува дека врз основа на јавен оглас за прием на работници објавен од страна на пријавениот потенцијален дискриминатор на година, таа поднела молба за вработување на работно место наставник е и ги доставила сите барани документи од огласот, согласно кои, според нејзините тврдења, произлегува дека ги исполнува условите предвидени од Законот за работни односи, Законот за основно образование и Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.

Во постапката за избор на кандидати за вработување, врз основа на записник на конкурсната комисија и предлогот на училишниот одбор, ВД директорот на училиштето донел одлука за избор на работници бр. година со која на работното место наставник работното место за кое аплицирала и подносителката, е избран

По приемот на известувањето за извршен избор на работници по цитираниот јавен оглас, а поучена од правната порака содржана во самото известување, подносителката, во законски предвидениот рок, на година поднела приговор против одлуката за избор на работници бр. година, поради

сторени повреди на законските одредби што ја уредуваат постапката за избор, како и повреда на материјално правните одредби за избор на кандидати за вработување во основното образование. Подносителката смета дека со носењето на спомонатата одлука за избор на работници врз неа е извршена дискриминација врз основа на политичко уверување, пол и образование. Таа цени дека има повисок степен на образование од избраниот кандидат за позицијата наставник по соло пеење во основно образование и повисок успех во текот на додипломските студии. Исто така, подносителката наведува дека на спроведената проверка на владеењето на македонскиот јазик и кирилско писмо, како доказ за исполнување на условот за станување наставник од чл. 3, став 1 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, има многу подобри резултати од избраниот кандидат.

Смета дека ваквиот избор на избраниот кандидат е во спротивност со чл. 10, ст. 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, кој пропишува дека кога на јавниот оглас ќе се јават повеќе кандидати предност имаат наставниците кои имаат поголем степен на соодветно високо образование и повисок успех во текот на додипломските студии. Дополнително подносителката смета дека со ваквиот избор е сторена повреда и на чл. 12, ст. 1 од истиот закон, кој пропишува дека наставниците ги избира директорот на училиштето по предлог на училиштниот одбор, а согласно одредбата од став 2 на истиот член, училишниот одбор при изготвувањето на предлогот од ст. 1 на овој член, задолжително треба да ја земе предвид одредбата од чл. 10, ст. 3 од овој закон.

Имајќи го предвид наведеното, подносителката смета дека со повреда на процесните дејствија и погрешна примена на материјалното право, Државното музичко училиште Битола донело незаконита одлука за избор на наставник по соло пеење, со што врз неа извршило дискриминација врз основа на политичко уверување, пол и образование.

На 24.01.2025 Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до подносителката достави барање за доуредување на претставката, во смисла наведување на фактите што се врзани за нејзината политичка припадност или уверување, како и фактите кои се поврзани со политичката припадност или уверување на компараторот, односно избраниот кандидат за позицијата за која аплицирала и подносителката.

На 06.02.2025 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок за доуредување и дополнување на претставката од страна на подносителката. Во однос на дискриминаторската основа политичко уверување, подносителката смета дека таа е дискриминирана затоа што не е припадничка на ниту една политичка партија, додека пак компараторот, односно кандидатот кој е избран за позицијата за која и таа аплицирала е припадник на политичката партија А покрај тоа што е припадник на наведената партија, компараторот е активно

вклучен во активностите на партијата, на митинзите организирани од политичката партија и е член на Дополнително, подносителката во поднесокот за доуредување и дополнување на претставката наведува дека има поднесено и тужба за поништување на одлуката за избор на работници бр. а истата ја достави и во прилог на поднесокот. Проверувајќи дали во тужбата се адресира истата правна работа како и во претставката пред Комисијата, односно дали се исполнети законските услови за запирање на постапката согласно чл. 27, ст. 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ценеше дека во тужбата се адресира истиот правен проблем, односно дека станува збор за судска постапка за истата работа, па оттука, согласно чл. 27, ст. 5 на 18.02.2025 донесе Заклучок за запирање на постапката бр. 08-131/6.

На 27.02.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од страна на подносителката беше доставено барање за продолжување на постапката за заштита од дискриминација, со образложение дека во тужбеното барање од споменатата тужба се бара исклучително поништување на одлуката за избор на работници, а не се бара утврдување на дискриминација, па оттука не се исполнети одредбите од чл. 27, ст. 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација за запирање на постапката.

Со цел правилно и целосно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 11.03.2025 се обрати до Основниот суд во Битола, со барање за информации дали предметната постапка која ја води подносителката против училиштето се однесува на дискриминација, односно дали судот ја води оваа постапка како постапка за заштита од дискриминација.

На 26.03.2025 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено известување од страна на Основниот суд во Битола. Во известувањето Судот ја информира Комисијата дека судската постапка која ја иницирала подносителката против училиштето е заведена како работен спор и дека во тужбеното барање се бара единствено поништување на одлуката за избор на работници.

Имајќи го предвид ваквото известување, Комисијата констатира дека барањето на подносителката за продолжување на постапката за заштита од дискриминација е основано, дека не се исполнети законските услови за запирање на постапката согласно чл. 27, ст. 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, па оттука 08.04.2025 година донесе одлука 08-131/9 со која го поништи заклучокот за запирање на постапката 08-131/6 од 18.02.2025 и одлучи дека продолжува постапката за заштита од дискриминација, иницирана по претставката на подносителката.

На 08.04.2025 Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до Државното

музичко училиште Битола достави барање за произнесување по наводите на претставката на подносителката.

На 23.04.2025 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од страна на Државното музичко училиште Битола беше доставен одговор по барањето за произнесување. Во поднесокот училиштето наведува дека наводите од претставката и поднесокот за дополнување на истата од страна на подносителката се неосновани, непоткрепени со докази и паушално изнесени, со цел нанесување на штета на угледот, сериозноста и професионалноста на училиштето и органите на управување на истото. Во однос на постапката за избор на работници за работната позиција наставник изборот на кандидатот училиштето вели дека постапката и изборот се направени во согласност со закон. Во таа насока наведува дека за оваа постапка е спроведен вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат, во однос на законитоста на изборот на работници по огласот. Со записник година, а по извршен вонреден инспекциски надзор, училиштето информира дека Државниот просветен инспекторат не констатирал никакви неправилности во однос на постапката за избор, а во самиот записник детално е наведена целата постапка и начин на избор, односно причините поради кои подносителката не е избрана на конкретната позиција. Цитираниот записник училиштето го испрати во прилог на поднесокот за произнесување.

Во записникот за извршена вонреден инспекциски надзор, Државниот просветен инспекторат констатирал дека Државното музичко училиште Битола, согласно чл. 9, ст. 2 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта добило согласност од МОН бр. за вработување на определено време, старо финансирање за учебната дина. Во добиената согласност, под реден број 6 наведено е работното место наставник (старо финансирање), 20 наставни часа

Одлуката за објавување на јавниот оглас констатирано е дека е направена согласно чл. 9, ст. 1 и чл. 10, ст. 1 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, односно јавниот оглас бил објавен во дневните весници Слободен Печат и Коха на година.

Инспекторатот констатирал дека на јавниот оглас се јавиле двајца кандидати, и Натаму, инспекторатот констатирал дека директорот на училиштето формирал конкурсна комисија од три члена со одлука бр. за разгледување на документацијата на кандидатите пријавени на огласот за вработување.

Од извршената проверка, Конкурсната комисија констатирала дека двајцата кандидати имаат доставено комплетна документација со докази за исполнување на

условите за вработување наведени во огласот, за што изготвила записник бр. и истиот го доставила до директорот на училиштето.

Согласно чл. 3, ст. 5 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, директорот, со одлука , .. _ ормирал комисија од редот на воспитно-образовниот кадар вработен во училиштето која врши проверка на познавањето на македонскиот литературен јазик и кирилско писмо. На -- година во просториите на училиштето од страна на формираната комисија извршена е проверка на кандидатите за познавање на македонскиот литературен јазик и кирилско писмо, при што е изготвен записник за истото, во кој се констатира дека двајцата кандидати, пријавени на огласот го владеат и познаваат македонскиот литературен јазик, кирилско писмо и правопис.

Училишниот одбор на седница одржана на . разгледување на записникот на Конкурсната комисија за комплетноста на документацијата на кандидатите пријавени на огласот, до директорот доставила предлог за избор на наставници бр. во кој констатирал дека за работното место 6 – наставник 1 извршител) со 20 наставни часа, аплицирале кандидатите:

- о завршен Факултет за музичка уметност – иплом иран

Согласно записникот од конкурсната комисија доставената документација од кандидатот е комплетна. Согласно записникот од комисијата за проверка на познавањата на македонскиот јазик, кирилското писмо, кандидатот го познава македонскиот јазик и кирилското писмо. Кандидатот е соодветен за ова работно место согласно нормативот за наставнички кадар.

- :о завршен Факултет за музичка уметност – дипломиран

Согласно записникот од конкурсната комисија доставената документација од кандидатката е комплетна. Согласно записникот од комисијата за проверка на познавањата на македонскиот јазик, кирилското писмо, кандидатката го познава македонскиот јазик и кирилското писмо. Кандидатката е соодветна за ова работно место согласно нормативот за наставнички кадар.

Оттука, училишниот одбор како предлог кандидати до ВД директорот ги дал и двата кандидати, односно во предлогот за вработување кој го доставил до ВД директорот стои дека и двајцата кандидати ги исполнуваат условите од огласот за вработување, со предлог да се изврши избор на:

- Кандидатот дипломиран со завршени додипломски четири годишни студиии на Факултетот за музичка уметност – Скопје, студиска програма ˜ез положен стручен испит. Како доказ кандидатот приложил Диплома за завршен прв циклус на студии бр. од ıдадено од УКИМ Скопје, Факултет за музичка уметност – Скопје.

- диплимиран со завршени додипломски четири годишни студии од Вокален факултет при Националната Музичка Академија Проф. Панчо Владигеров во Софија, Република Бугарија, без положен стручен испит. Како доказ кандидатката доставила Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство издадено од Министерство за образование и наука на Р Македонија, бр. од , со кој дипломата бр. издадена на одина на име од Вокален факултет при Националната Музичка Академија Проф. Панчо Владигеров во Софија, Република Бугарија, во Република Македонија се признава како документ за завршен прв циклус академски студии и стекнат назив дипломиран соло пејач.

ВД директорот на училиштето по вака дадениот предлог донесува одлука бр. а избор на работници по оглас, на определено време за учебна година и за работното место под реден бр. 6 за наставник о избира лицето

Инспекторатот констатира дека кандидатката доставила и диплома за завршени магистерски студии на Националната Музичка Академија Проф. Панчо Владигеров во Софија, Република Бугарија, на образовно квалификациски степен Магистер со специјалност – е, но од увидот во документацијата за време на надзорот инспекторатот констатирал дека нема решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство издадено од Министерството за образование и наука (нострификација), па затоа истата не е земена во предвид при изборот, односно при изборот се смета дека двајцата кандидати имаат стекнато ист степен на образование.

Оттука, Државниот просветен инспекторат во записникот за извршениот вонреден инспекциски надзор констатира дека постапката за избор на наставници за работното место бр. 6 од објавениот јавен оглас бр. одина, кој е објавен во дневните весници Слободен Печат и Коха, од страна на Државното музичко училиште Битола е спроведена согласно Законот за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование и Статутот на училиштето.

Ценејќи ги наводите и доказите од претставката, поднесокот за дополнување и доуредување на претставката, поднесокот за произнесување по наводите од претставката, Комисијата одлучи дека при изборот на наставник за работното место наставник по соло пеење, Државното музичко училиште Битола не сторило дискриминација врз подносителката врз основа на политичко уверување, пол и образование.

Имено, Комисијата ценеше дека не се доволни тврдењата на подносителката во претставката и поднесокот за доуредување и дополнување на претставката за дискриминација врз основа на политичко уверување за да се префрли товарот на докажување врз потенцијалниот дискриминатор. Во однос на тврдењата за дискриминација врз основа на пол, во постапката за избор на кандидати за едно работно место е конкурентна постапка, а во конкретниот случај за една позиција аплицирале само двајца кандидати од спротивен пол, па во случај на секаков избор од страна на директорот на училиштето, ќе бил избран кандидат од еден пол, а кандидат од спротивниот пол немало да биде избран. Ова, само по себе не е доволно за да се направи едно тврдење за дискриминација веројатно, особено ако не се доведе во каузална, причинско-последична врска со изборот на кандидатот. Во конкретниот случај, самата подносителка во поднесокот за дополнување и доуредување на претставката наведува дека во последниот период повеќето наставници по
во училиштето биле жени, околност која го побива тврдењето дека училиштето ја дискриминира подносителката како жена во пристап до работно место – наставник

Во однос на тврдењето за дискриминација врз основа на образование, од записникот на Државниот просветен инспекторат несомнено произлегува дека подносителката има доставено диплома за завршени магистерски студии на Националната Музичка Академија Проф. Панчо Владигеров во Софија, Република Бугарија, на образовно квалификациски степен Магистер со специјалност –

доказ кој го доставува и во претставката до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Но, исто така, неспорно е дека подносителката во пријавата по јавниот оглас не доставила решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство издадено од Министерството за образование и наука (нострификација). Оттука, оваа нејзина диплома не е земена во предвид при изборот, односно при изборот се сметало дека двајцата кандидати имаат стекнато ист степен на образование – додипломски четиригодишни студии, со назив дипломиран

Имајќи го предвид сето горенаведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретната постапка не се сторени процесни повреди во постапката за избор, ниту пак е направена погрешна примена на материјалните закони што го уредуваат изборот на наставници во основното образование. Оттаму, доколку не постои повреда на конкретни законски одредби, а со тоа и повреда на субјективни права, не може да стане збор за дискриминација како специфична форма на повреда на права заснована на заштитна карактеристика. Во ситуација кога нема повреда на право на едно лице или група лица врз основа на одредена заштитна карактеристика во споредба со други лица, не е исполнета законската дефиниција од чл. 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, каде е пропишано дека:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или*

*несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- , Битола
- Државно музичко училиште Битола, бул. 1-ви Мај, бр. 110, Битола

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk